## ИЗЛОЖБА НА ГИНТЕР КУБЕ ВО „ХАРФА"

# Свет во кој умира само смртта

*Деновиве, во националната галерија „Харфа„ во Градскиот трговски центар може да се види изложбата на дела од германскиот уметник Гинтер Кубе, кој повеќе од 30 години живее и работи во Скопје*

Графиките се реализирани со помош на компјутер, што претставува вклучување на македонската ликовна сцена во некои од најактуелните светски трендови на визуелното изразување. При изработката на графиките, Кубе користи и специјални компонентни леќи, кои создаваат разновидни визуелни ефекти и сугестии што даваат впечаток на трета димензија.

„Мојот основен метод е примената на тридимензионални сензации во ликовниот израз. Експериментирав со стереоскопијата повеќе од 20 години и таа игра постепено се врзуваше со мојата потрага на автентичен и на личен начин на ликовното изразување" вели авторот на делата. „Уште во самиот почеток како метод за обликување на просторни сензации се наметнуваше холографијата, која се добива со помош на кохерентно светло, ласер. Но, анализата на позициите на холографијата, како ликовен медиум, покажаа дека таа фасцинантна појава не ми одговара во целост. Наспроти ова, стереоскопијата ми овозможи обликување на просторни сензации во дводимензионална рамнина. Во моите експерименти користев растерски систем, кој, во суштина, претставува 'камера опскура'. На основата на така добиените сознанија, сама по себе се наметна потреба од користење компјутер. За таа цел беше потребна изработка на програма - стимулатор на дадениот оптички систем во компјутерски јазик и врз база на математички апарат. Авторството на таквата програма му припаѓа на мојот син Гунтер, кој со извонредно ангажирање ги протолкува моите замисли и ги организира во системска алатка со безконечни можности. Моја иновација во проблематиката е изработката на оптичкиот растер. Моето видување на просторната перцепција не значи надградба на просторни илузии во дводимензионалната рамнина, како на пример површинските наноси на боја и воздушната перспектива. Мојата преокупација се одвива како оддалечување од нив".

Во основа, авторот најмногу го фасцинира естетиката и инвенцијата. Според него, структурата, редот, геометријата, математиката, логиката, па и нелогиката, се средства за креација на чисти духовни продукти, што може пооддалечени од природата и од реалноста. Неоптичните впечатоци и духовни производи, видливи во тридимензионалната форма, се како илузија на просторот. Но, сепак, вели дека нивната просторна појава се карактеризира со мерливост. За него, тоа е свет во кој невозможното е возможно, свет во кој умира само смртта.

**Ивана Тасев**